**НЕКОИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО БУГАРСКИОТ ПОХОД ПРОТИВ ВЕРЗИТИЈА**

**Стојко Стојков – Љубен Тевдовски**

Резиме: Ова статија обработува три клучни прашања поврзани со Берзитија во 773 / 774 г.: причини за бугарскиот поход, мотивите на Константин Погонат истиот да го спречи и односите на Берзитија спрема Византиската империја (независна, сојузна, пријателска, зависна, потчинета склавинија?) Настанот е разгледан во контекстот на продолжителната војна меѓу Византија и Бугарија (756 – 775 г.) и особено напуштањето на Бугарија на 208 000 Словени во 763 г. Тезата што овде се заштитува дека Берзитија била независна од Византија склавинија и дека имено тоа бил мотивот истата да биде избрана за преселување на нејзиното население во Бугарија. Од своја страна мотивот на Константин V не бил да ја заштити Берзитија, туку да го спречи обидот на канот Телериг да ја регенерира силата на ослабеното канство преку населување на словенска популација на местото на избеганата во 763 г.

*Клучни зборови: Берзитија, Берзити, Константин Копроним, кан Телериг, Византија, Бугарија, склавинија, Словени, преселување на население.*

*Abstract: This article deals with three key issues related to sclavinia Berzitia in 773/774: reasons for the Bulgarian campaign, the motives of Constantine Kopronimus to prevent it, the relations between Berzitia and the Byzantine Empire (an independent, allied, friendly, dependent or subordinate sclavinia?) The event was considered in the context of the continuing war between Byzantium and Bulgaria (756 - 775), and in particular the departure from Bulgaria to 208 000 Slavs in 763. The thesis elaborated there is that Berzitia was independent of the Byzantine slavinia and that its independency was the motive to be chosen for resettlement of its population in Bulgaria. On his part, Constantine V's motive was not to protect Berzitia, but to prevent the attempt by khan Telerig to regenerate the power of the weakened khanat by settling the new Slav population at the place of lived in 763.*

*Kay words: Berzitia, emperor Konstantine Kopronimus, khan Telerig, Byzantium, Bulgaria, sclavinia, Slavs, resettlement of the population.*

Во третата четвртина на VIII век се одвива познатиот византиско- бугарски конфликт: воинствениот император Константин V Копроним (741 – 775 г.) го искористил намалениот притисок од арапскиот калифат на исток за да го сврти своето внимание кон Балканот. Во 758 г. тој ги „опљачкал склавиниите во Македонија, а на останатите им наметнал данок“.[1] Меѓутоа вниманието кон склавиниите се јавува поскоро спорадична епизода или дури и страничен резултат од основната доминанта на Балканот: војните со бугарското канство против кое во периодот 756 – 775 г. Константин ќе организира девет походи со кои раководел лично. Постепено на почетокот супериорното канство после 763 г., кога голема маса Словени (208 000 според патријархот Никифор) ја напуштиле Бугарија и се населиле на византиска територија,[2] започнало да попушта под силниот

[1] Theophanes, Chronographia, ed. Carolus de Boor, vol. I, Lipsiae, 1883, 430, 21 - 22.
[2] Nikephori Arhiepiscopi constantinopolitani, Opuscula historica, ed. Carolus de Boor, Lipsiae, 1880, p. 68, $_{26}$ – 69, $_{2}$, Истата вест кај Теофан: Theoph., 432, $_{25-29}$; Спореди за овој настан уште: Cyril Mango, Byzantium, The

византиски притисок Воените акции постепено се пренеле од северна Тракија во внатрешноста на Бугарија. Во Плиска се појавиле две „партии“ – едната се залагала за мир со Византија, а другата плашејќи се дека мирот ќе доведе до „поробување на Бугарија“ од Византија се залагал за војна.[3] Во контекст на овој конфликт Теофан не известува за една бугарска воена експедиција против Берзитија. Непосредно после (или во време на) заклучувањето на мир меѓу двете земји:

*„Во октомври индикт единаесетти, императорот добил од своите тајни пријатели во Бугарија вест дека господарот на Бугарија испраќа 12 000 војска и боили за ја пороби Берзитија и пресели (нејзиното население) во Бугарија. Константин не сакал да стане познато дека планира да тргне против Бугарите - зашто пратениците на господарот на Бугарија имале дојдено кај него. Додека тие уште се наоѓале во градот, тој се преправал дека се подготвува против Арапите и неговите знамиња и опрема дури поминале од другата страна (на Босфорот). Но кога ги отпуштил и испратил пратениците и дознал од своите шпиони дека тие заминале, тој ја кренал армијата и тргнал брзо. Земајќи ги таксатите од темите и Тракезијците, и присоединиувајќи ги тагмите кон оптиматите[4] тој мобилизирал 80 000 луѓе. Кога стигнал до место наречено Литосорија, ги нападнал Бугарите без да ги надуе трубите и ги обратил во бегство: голема победа. Се вратил во градот со триумф, со голем плен и многу заробеници. Ја нарекол оваа војна благородна, зашто навлегол успешно без никој да му се спротивстави и без убиства на христијани или пролевање на христијанска крв“.*[5]

Истиот текст кај Анастасиј Библиотекар (чиј превод се базира на ракопис на Теофан постар од оној од кој потекнува текстот на Теофан со кој денес располагаме)[6] е: "*Octobrio vero mense undecimae indictionis nuntium suscepit a Vulgaria ab occultis amicis suis, quod mitteret dominus Vulgarie didecim milia ex populo et Boilades ad captivandum Verzitiam et abducendum eos in Vulgariam.... coacervatis thematum taxatis et Thracesianis et unitis ordinibus optimatibus fecit eos octuaginta milia. Et pergens in locum, qui dicitur Lothosoria,*

---

Empire of New Rome, New York, 1981, p. 26. Charanis, Nicephoros I, The Savior from the Slavs (810 A.D.), Studies on the Demography of the Byzantine Empire, colected Studies, London 1972, XIII 78. Бројката кај Никифор не е заокружена и поради тоа изгледа точна (Острогорски, Словени и преображај Византије, во Византија и Словени, Сабрани дјела, кн. 4 Београд, 1970, с. 57, 58). Првоизворот на Никифор за овој период (веројатно патријархот Тарасиј, кој претходно бил секретар) користел канцеларска документација и цитира точни статистички податоци за бројки на бегалци, платени откупи, цени и сл. (Warren Treadgold, The Middle Byzantine Historians, Palgrave Makmillan, 2013, 20 – 25).

[3] Theoph., 433, 19 – 21, Ѓорѓие Острогорски, Историја на Византија, Скопје, 1992, с. 212, 213, Божилов Иван, Гюзелев Васил, История на средновековна България, 6-14 в., София 1999, 116 – 117.

[4] Оваа реченица се преведува различно. Смислата изгледа е дека собраната војска е основно професионална – таксатите (платена професионална војска или платеници), оптиматите (елитни борбени единици) заедно со дворската гарда, додека од тематската војска се вклучени само Тракезијците. Сепак така станува нејасна огромната цифра од 80 000 дадена од Теофан затоа е понудена и подруга смисла – одреди од сите теми (Turteldove, Theophanes, 134: „units from the thematic armies and the Thracesians and joined optimatoi to the palace guards”. Во Извори за българската история т. 6, Гръцки извори за българската история, т. 3, София, 1960 (понатаму ГИБИ 3), 278: „Тој собрал војници од одредите и Тракезијците и откако ги присоединил оптиматите кон одредите“.

[5] Theophanis, Chronographia, ed. Carolus de Boor, vol. 1, p. 447, $_{10-27}$. Види различни преводи кај:Туртелдове, 134, ГИБИ 3, 278, Византијски извори за историја народа Југославије, т. 1, (ВИИНЈ 1), Београд, 1955, 233, Свод древнейших писмених известии о славянах, т. II, (VII – IX вв.), Москва 1995, 286, 287 (понатаму Свод 2). Особено корисни се коментарите во последните две.

[6] Turteldove, Theophanes, XVIII.

*nullius tubae clanguore sonante, irruerunt super illos, et vertens eos fecit victoriam magnam et cum multis exuviis et captivis reversus est, triumphi sui tropaea penes urbem ostentans, et onsequiis constipatus incedens bellumque hoc nobile nuncupans eo, quod nemo sibi restiterit, nec mactatio in hoc aut effusio Christiani facta fuerit sanguinis*."[7]

Во средината на IX в. Оваа вест кај Георги Монах истата вест е предадена на следниот начин:

*„господарот на Бугарија испраќа војска за да ја зароби Берзитија. Императорот се престорил дека оди во поход против Арапите, ги испратил во Бугарија пратениците, дојдени зарад мирот, ја собрал целата војска заедно со тагмите и ги нападнал неочекувано Бугарите, им нанел голем пораз и спечалил голема победа. Кога се вратил во градот, тој направил триумфална поворка облечен во оклоп и ја нарекол оваа војна „благородна", зашто никој не му се спротивставил, ниту пак имало убивање на Ромеи".*[8]

Подоцна од кај Георги Монах информацијата ја презел и Лав Граматичар.[9]

Оваа информација на Теофан отворила серија проблеми во науката. Од една страна е хронологијата[10]: имено со вестите од оваа година завршува низата на погрешно дадени години кај Теофан. Поради тоа годината се поправа во науката од септемвриската 772 / 773 во 773 / 774 г., што меѓутоа ја изедначува со следната Теофанова година, проблем кој се решава обично третирајќи ги настаните од двете години како такви што се случиле во една. Тоа од своја страна е исто така проблематично затоа што ни ја дава годината 773 / 774 како извонредно набиена со воени експедиции. Ако го следиме редот на опис кај Теофан би требало да заклучиме дека меѓу септември 773 г. и август 774 г. Константин организирал три воени кампањи против Бугарите две од кои – по суво и море. Без тоа да е наполно невозможно[11] сепак изгледа претерано.

Проблемот се усложнува ако земеме во предвид дека Теофан ги става првите две експедиции во иста година но во различни индикти. Првиот поход – 12 индикт, вториот во 11. Третиот пак е во следна година но без посочен индикт. А се смета дека имено индиктот кај Теофан е поточниот дел до датирањето.[12] Ако се обидеме меѓутоа да ги искористиме индктионите за ги преподредиме настаните (прво походот против Берзитите - индикт 11, 6225 г., после кампањата против Бугарија и мирот - индикт 12, 6225 г., а накрај походот против Бугарија кој завршил со бродолом (6226 г.) доаѓаме до друг сериозен проблем. Сега вториот настан би завршувал со заклучувањето на мир, а

---

[7] Anastasii Bibliotecari, Chronographia tripertita in Theophanis, ed. de carolus Boor, vol. II, Lipsiae, 1885, p. 296, 2 – 11.

[8] Georgius Monachus, cognomento Hamartolus, Patrologia Graeca, ed. J.P. Migne, t. CX, 1863, Col. 948.

[9] Leonis Grammatci, Chronographia, rec. I. Bekkeri, Bonnae, 1842, 188, 17 – 189, 1

[10] Turteldove, Theophanes, p. XVIII

[11] Би можела да се понуди следната реконструкција: во септември 773 г. Константин организирал голем поход по суво и море против Бугарите, кој траел кратко зашто Бугарите побарале мир, а императорот се согласил. Додека се потпишувал мирниот договор во Константинопол во октомври истата година императорот дознал за планираниот поход против Верзитите и организирал воена експедиција истиот да го спречи. Следната пролет или лето тој организирал нова експедиција по суво и море против Бугарите која завршила со катастрофа поради бродолом на голем дел од флотата.

[12] Острогорски, цитиран според Turteldove, Theophanes, XVIII.

третиот би започнувал со тврдење дека мирот веќе бил нарушен од Константин. Ситуацијата станува уште покомплицирана, ако ги земеме во предвид месеците на походите. Месецот на првиот Теофан не го кажува, меѓутоа во преводот на Анастасиј Библиотекар е посочен месец мај.[13] Вториот е во месец октомври, а третиот поново во непознат месец. Така имаме: прв поход во мај индикт 12 година 6225, втор поход во октомври индикт 11, година 6225, а третиот – во непознат месец и индикт, но следната 6226 година. Притоа дури и да го игнорираме индиктот 11 како грешка, сепак датирањето на првиот поход во мај, а следниот во октомври ни дава две различни септемвриски години, а не иста како кај Теофан и соодветно два различни индиктиони само што во спротивен ред, вториот поход би требало да биде во следниот, а не претходниот индикт. Така не само треба да ги третираме настаните од две години како од една, но и да прифатиме еден згрешен индикт и еден згрешен месец (кај Анастасиј Библиотекар). Ако го следиме редоследот на настаните кај Теофан и инсистираме на иста година и згрешен индикт, тогаш походот што Константин го организирал пред октомври можел да биде само во септември истата септемвриска година.[14] При сето тоа не е чудно што во науката датирањето на настанот е спорно и макар мнозинството да се определуваат за 773 г., има и приврзаници на тезата дека тоа се случило во 774 г.[15]

И така хронолошкото усогласување на оваа информација бара премногу корекции за да можеме да ја искористиме, а тоа наметнува од своја страна претпазливост при употреба на реконструкциите.

Месец октомври отвара и друг вид проблем. Константин дознал за бугарската експедиција во октомври. Бидејќи во меѓувреме ги имал распуштено војниците од темите во тврдините требало да изврши пак мобилизација и тоа во голем размер (80 000 според Теофан) и потоа да отиде во поход. Т.е. настаните се случуваат во октомври или дури ноември, во есента време кое не е вообичаено за воени дејствија.[16] Прашањето тука е зошто Бугарите би планирале во октомври – ноември да извршат воен поход и преселување на население при сите можни ризици и компликации од лошо есенско време и тоа во планински предели.

Следен проблем е која склавинија е во прашање. Теофан ја нарекува Βερζιτίαν / Βερζητιαν (кај Анастасиј Библиотекар: Verzitiam). Тоа е многу слично со името на Βελζητίας кое Теофан го дава на склавинијата водена од Акамир кој во 799 г. се вклучил во заговорот

---

[13] Anastasii Bibliotecari, p. 295. Затоа низа на автори го датираат во мај или општо пролетта. Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, 41 - во мај 773 г., а истото прифаќа и Рајковиќ, ВИИНЈ 1, с. 233., Божилов – Гюзелев, История на средновековна България, 118 (мај 774 г.), Treadgold, A History of Byzantine State and Society, 366 (пролетта на 774 г.)

[14] Датирањето во септември од своја страна дава можност за разбирање на некои инаку тешко објасниви моменти од овој поход (види понатаму).

[15] Johnatan Shepard, Slavs and Bulgars, The New Cambridge Medieval History, Vol. II, c. 700 – 900, ed. by McKitterick (Cambridge, 1995), 233, Warren Treadgold, A History of Byzantine State and Society, Stanford 1997, 366, f. 23. Божилов – Гюзелев, История на средновековна България, 119. Види за различните мислења: ВИИНЈ 1, с. 233, б. 56 и Свод 2, 321, б. 400, 404.

[16] Спореди: „како што е тоа вообичаено кај повеќето од императорите, кои тргнуваат во средината на пролета, а во крајот на летото веќе се враќаат " (Михаил Псел, Хронография, София 1999, Василиј, XXXII, с. 38.

на Хеладците во корист на синовите на ослепениот Константин.[17] Дали е во прашање иста или две различни склавинии? Преодот од λ во ρ во византискиот грчки не е непозната појава: на пример имаме случаи во текот на IX - XI в. кога името Βουλγαροι се предава како Βουργαροι.[18] Ако склавинијата е иста – таа би требало да биде склавинијата на Велегезитите во Тесалија (имајќи во предвид дека спомнатиот водач Акамир соработувал имено со Хеладците, значи бил во нивно соседство), а не онаа на Берзитите спомнати само еднаш во Чудата на св. Димитар Солунски. Очигледно тоа го прифаќаат авторите кои сметаат дека бугарскиот поход во 773 г. имал за цел Тесалија.[19] Меѓутоа дали навистина можел сериозно да се организира поход од Мизија на толку голема оддалеченост (од Плиска до Лариса има најмалку 850 километри, а од најблиската граница - 560 километри), низ низите планини и долини на Централниот Балкан, пробивајќи си пат преку независни и зависни од Византија склавинии, за да се помине и во близина на вториот по големина византиски град, а потоа истиот пат да се помине и назад но сега оптоварени со плен, добиток и маса на заробено население? И сето тоа во октомври – ноември, време кое во тогашниот период на заладување на климата е еднакво на денешните ноември - декември. Можеби затоа повеќето автори се определиле дека во случајот не се работи за грешка туку за две различни склавинии и Βερζιτια е склавинијата на Берзитите - едно од племињата кои начело со Хацон го нападнале Солун во втората декада на 7 в.[20]

До овде опишаните проблеми илустрираат колку комплицирана е проблематиката во чиј контекст се наоѓаат и прашањата кои се во фокусот на овој труд: положбата на оваа склавинија спрема империјата, мотивите на бугарскиот поход и причината поради која Константин истиот го спречил. Очигледно е дека одговорот делумно зависи од решавањето на опишаните проблеми.[21] Поради невозможноста во голема степен да се решат хронолошките прашања овде ќе се прифати редоследот на настаните така како што

---

[17] Theophanes, pp. 473, 31 – 474, 5

[18] Формата со р (Βουργαροι) ја наоѓаме како во домашни бугарски гркојазични извори од 9 – 10 в. (натпис на чаша на Сивин голем жупан во Бугарија" - Βουργαρήαν, во еден оштетен граничен натпис пронајден во село Нар'ш, Солунско, од времето на Симеон - Βουργαρ(ων) (Бешевлиев, Надписи, с. 171, 235) и печат на „Исаја епископ на Бургарија"- Βουργαρήας, Йорданов Иван, Корпус на печатите на средновковна България, София 2011, с.78), така и во византиски извори: Симеон Магистер – ср. на X в. (Βουργαροι), Продолжувачот на Теофан (по 961 г.) - Βουργαρων, кај Теофилакт Охридски во толкувањето на посланијата на ап. Павел - Βουργαρων и во една Анонимна хроника од крајот на XI в. (Moravcsik Gjula, Byzantinoturcica, II, Berlin 1983, с. 101, 103, 104). Овие форми често се користат паралелно со оригиналното Βουλγαροι. Стојко Стојков, Поимите Словени и Бугари во Македонија и Бугарија од 7 до – 13 в.(појава и значење), Скопје, 2013, с. 207, 209 (докторска теза во ракопис).

[19] Steven Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, G. Bell & Sons, London 1930, 41, Острогорски, Историја, 213. John Fine, The Early medieval Balkans, A Critical Survey from the Sixth to the Late Twelfth Century, University of Michigan press, 2008, 77. Истото дало основа на некои научници да претпоставуваат дека дел од Берзитите се имале спуштено на југ и имале своја склавинија во Тесалија (види кај Тибор Живковиќ, с. 370, бел. 553).

[20] Paul Lemerle, Les Plus anciens recueils des Miracles de Saint Demetrius et la penetration des Slaves dans les Balkans, I, Le texte, Paris, 1979, p. 175, 5; На тоа мислење се повеќе автори: Васил Златарски, История на българската държава през средните векове, т. 1, Първо българско царство, част 1, Епоха на хуно-българско надмощие, София 1994, с. 230, 231, Рајковиќ, ВИИНЈ, с. 233, б. 58, Живковић, Јужни Словени, 141, Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје, 1994, 29, Божилов – Гюзелев, История на средновековна България, 118, 119 и мн. др.

[21] Промената на хронологијата би можела да го промени целиот контекст и тек на настаните што може сериозно да повлијае на донесените заклучоци.

го дава Теофан. Несигурноста на контекстот во кој се одвивале истражуваните настани се разбира ја лимитира и веројатноста на добиените заклучоци и сугерира претпазливост при нивното користење.

На походот против Берзитите му претходела воена кампања на Константин против Бугарите по суво и море со 2000 кораби, која се случила истата година но пред месец октомври, т.е. треба да се случила во септември 773 г. Причината за еден таков поход по суво и море во крајот на воената сезона останува нејасна. Теофан не спомнува ништо за воени дејствија меѓу Византија и Бугарија од неуспешниот морски поход на Константин во јуни – јули 766 г. Можеме само да претпоставиме од тоа што не се спомнува ниту потпишување на мир претходно, а ниту негово нарушување сега, дека во меѓувреме и немало мир, но ниту некои поголеми воени активности. Исплашените од походот Бугари започнале да молат за мир и Константин прифатил – една на прв поглед неразбирлива попустливост од страна на императорот кој реално не добил со овој мир ништо со кое да го оправда големиот поход. Теофан не ни дава ниту причина за походот а ниту причина за лесното прифаќање на мирот освен дека императорот „се исплашил и планирал да се врати“, обвинување кое тој често фрлал врз нему неомилениот иконоборец. Иако во случајот стравот на царот станува разбирлив ако се прифати дека експедицијата била во септември: есента не е погодно време за поход особено по море, тоа само уште повеќе го отежнува одговорот на прашањето зошто императорот воопшто организирал еден таков поход во крајот на воената сезона? Единствениот резултат од походот бил потпишување на договор според чии услови: „Бугарите нема да излегуваат против Романија, ниту пак императорот ќе се стреми да навлегува во Бугарија“.[22] Можеби целта на Константин била да се запрат евентуални бугарски пљачкашки напади во Тракија, или пак походот бил превенција против амбициозни планови на канот Телериг (768 – 777) за кои сепак ние не знаеме ништо?[23] Сепак походот против Берзитите во октомври барал соодветни воени подготовки во месеците пред тоа, а за кои Константин можел да дознае од своите пријатели во Бугарија и интерпретирајќи ги како закана можел да реши да нанесе превентивен удар?

Во октомври месец непосредно после потпишувањето на мирот, или во време на преговорите и потпишувањето,[24] Константин бил известен од свои тајни пријатели во

[22] Theoph., 447, 6, 7.

[23] Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, 41 е на мислење дека походот е предизвикан од засилувањето на власта на Телериг.

[24] Можни се и двете толкувања. Теофан соопштува дека мирот бил заклучен за време на походот, но пак присуството на бугарски пратеници во Константинопол во октомври дава можност да се мисли дека преговорите сеуште биле во тек, или пак тогаш се завршени формалностите. Кај Георги Монах и Лав Граматичар присуството на бугарските пратеници во Константинопол е дадено имено во врска со преговорите за мир (Georgius Monachus, PGr. CX, Col. 948, Leonis Grammatci, Chronographia, 188, 17 – 189, 1). Теофан не спомнува зошто бугарските пратеници биле во Константинопол, можеби зашто тоа треба да се разбира од контекстот. Во науката се присутни и двете мислења. Златарски, История, 1,1, с. 231 е на мислење дека бугарските пратеници биле во Цариград имено во врска со договарањето на мирот. Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, 41 и бел 2, прима дека тоа Константин дознава за бугарскиот поход во октомври „while the negotiations were still going on“, „we know that peace negotiations were proceeding at the time of the Noble War“ позиција која не се врзува добро со неговото мислење дека претходниот поход бил во мај. За разлика од него Treadgold, A History of Byzantine State and Society, 366

Бугарија дека Телериг организира поход против Берзитија. На прв поглед изгледа нелогично зашто Бугарите би го планирале својот поход во толку несоодветно годишно време. Едно можно решение на ова прашање е што бугарскиот поход намерно бил планиран во такво невообичаено за војување време затоа што тогаш Бугарите биле сигурни дека нема да бидат неочекувано нападнати од Константин Копроним и можеле да испратат војска далеку од центарот на својата држава. После серијата конфликти во последните 17 години Бугарите биле свесни колку несигурен и привремен е овој мир со императорот, кој имал организирано веќе серија неочекувани и дури непредизвикани походи против нив и веќе го имал нарушувано мирниот договор во минатото. Т.е. таквата хипотеза предвидува дека Бугарите немале друга можност освен да го организираат походот имено во такво несоодветно за војување време на годината. Меѓутоа причината може да биде и друга – целта го диктирала времето. Бугарите сакале да ги преселат Берзитите, а за да го постигнат тоа прво требало да ги фатат, задача која, кога се во прашање Словените, не е толку едноставна. Затоа уште Маврикиј советувал походите против Словените да се организираат кога е паднатата шумата за да не можат истите да се скријат.[25]

Но дури и ако причината за изборот на есента за време на походот била логична, зошто воопшто требало Бугарите да организираат таков поход и каква била нивната цел? Теофан ја опишува целта на Телериг многу јасно: „да ја зароби (τὸ αἰχμαλωτίσαι) Берзитија и да го пресели нејзиното население во Бугарија". Оваа изворна вест е негирана во дел од науката по две основи. Прво во однос на заробувањето и преселувањето и второ во однос на објектот – Берзитија. Ниту едно од двете мислења разбирливо не се потпира на изворот што го негира. Појдовна точка за првото негирање е модерна интерпретација на односите меѓу бугарското канство, Словените и Византија. Според истата Бугарија се јавува словенобугарска држава, природен центар и обединувач на Словените на Балканот и нивен заштитник против општиот непријател – Византија. Во таков контекст идејата дека Бугарија се јавува насилник над Словените, а Византија – заштитник е едноставно невозможна. Напротив – походот *би требало* да е во корист на Берзитија, за помагање нејзиното ослободување од Византија или за нејзино присоединување кон *природниот обединителен центар* – Бугарија.[26] Таквиот контекст меѓутоа претставува модерна фикција, продукт на напорите на бугарската држава во крајот на XIX и првата половина на XX в. да ги придобие на своја страна словенојазичните жители во Македонија против

кој исто смета дека походот бил во пролетта поддржува дека договорот бил претходно потпишан. Слично и Shepard, Slavs and Bulgars, 232.

[25] „Инаку походите против нив треба да се спроведуваат повеќе во зимско време, зашто тогаш не можат лесно да се сокријат зашто дрвјата се голи, а и снегот ги открива трагите на бегалците, а нивните семејства живеејќи во сиромаштија сосема оголуваат" Das Strategikon des Maurikios, Corpus Fontium historiae Byzantinae, vol. XVII, ed. George Denis, Wien, 1981, 376, 82 - 85

[26] Златарски, История....т. 1, част 1, с. 230, 231, Мутафчиев, История,.... 108, исто смета дека "сигурно е дека прашањето не било за принудно преселување на тамошните Словени, туку да се подигнат тие на борба против империјата и да содејствуваат за присоединувањето на нивните територии кон бугарската држава". Овој став ја доминира бугарската медиевистика и во модерно време – види Божилов - Гюзелев Ваил, История на средновековна България, 119: „Одвај ли таа вест на Теофан Исповедник треба да се разбира во буквална смисла .... поскоро целта била постепеното вклучување на оваа територија и нејзиното население во пределите на бугарското канство". Овој став е прифатен и кај некои небугарски автори, спореди Dvornik F., Les Slaves, Byzance et Rome au IXe siecle, Paris, 1926, p. 14.

конкурентниот грчки национализам.[27] Ништо во изворите не ни покажува дека во VIII в. постоела некаква специјална бугарско-словенска соработка против Византија.[28] Уште повеќе што желбата за проширување на притиснатата во дефанзива Бугарија во територија која, како и да ја лоцираме Берзитија – била далеку од нејзините граници не изгледа реалистичка опција. Имено поради таквата оддалеченост на некои учени им се видела сомнителна целта на походот – Берзитија.[29] Меѓутоа при преселувањето на население оддалеченоста е позитивен момент, кој го отежнува евентуалното бегство и враќање во родниот крај.

Спротивно со овие напори да се негира Теофан, неговата информација е сосема во духот и практиката на времето[30] - преселување словенски племиња со цел засилување на државата и нејзината одбрана е практикувано дотогаш не само од Византија[31] но и од самата Бугарија.[32] Решението на Бугарите да ги преселат Берзитите исто е сосема разбирливо ако се земе во предвид масовното иселување на Словени (208 000 според Никифор) од Бугарија во 763 г. и нивното населување во Византија. Силата на бугарското канство кое од своето основање се потпирала на „вазални“ словенски воени одреди за напад, но и за одбрана на границата против Византија и Аварскиот каганат после такво иселување била сериозно разнишана. Воената надмоќ во конфликтот се сменила имено после бегањето на Словените - потоа Бугарите од супериорни поминале во одбрана, а византиската војска започнала да се пробива низ Стара планина кон центарот на нивната држава – нешто незамисливо порано. Иселувањето на 208 000 Словени ја намалиле бугарската војска,[33] но и ги поткопала бугарските финансии. Продолжителната војна со Византија, перманентната закана од кај Константинопол раководен од император кој не се колебал да ги крши мирните договори со Бугарија и стравот дека „Ромеите ќе ја поробат Бугарија“ (Theoph., 433, $_{19-21}$) ја наметнувале потребата од воено и финансиско

---

[27] Стојко Стојков, Планирање на минатото – сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика, во 70 години институт за историја - 70 години македонска историографија, зборник на трудови од меѓународната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 година во Скопје, 184.

[28] Во случаите во кои Словени учествуваат во бугарската војска тоа е или зашто се „потчинети“ (Тервел) или затоа што се „изнајмени“ (Телец). Бегството на 208 000 Словени од Бугарија во Византија во 763 г. пак сосема го демолира овој модерен мит.

[29] Мутафчиев, История, 108, следен од Стефоска Ирена, Словените на почвата на Македонија (од VII до почетокот на X век), Скопје, 2002, 104 - 106.

[30] Имено така ја интерпретираат повеќе автори: Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, 41, Treadgold, A History of Byzantine State and Society, 366.

[31] Така постапил со Словените уште Констанс II во својот поход против склавиниите во 658 г., после што се појавуваат Словени во Мала Азија. Исто и Јустинијан во 689 г. преселил маса Словени од Македонија во Мала Азија и од нив создал 30 000 одбрана војска (Theoph., 364, $_{8-12}$, Nicephori, 36, $_{12-20}$) Исто е и со населувањето на избеганите од Бугарија 208 000 Словени во Мала Азија, нешто што се случило само деценија порано и секако можело да послужи како инспирација на Бугарите подеднакво со населувањето на монофизити и павликани во Тракија извршено од истиот император во 740-те г. Спореди за практиките за преселување во Свод 2, 321, бел. 403.

[32] Во 681 г. при своето населување на Балканот Бугарите откако ги потчиниле словенските племиња Севери и Седумте рода истите ги преселиле по границите со Аварскиот каганат и Византија (Nikephori, 35, $_{19-21}$, Theoph., 359, $_{12-16}$, Anastasii Bibliotecari, 227, $_{15-17}$).

[33] Не е изненадувачки што веднаш после бегањето на Словените изворите ни покажуваат канот Телец како „изнајмува“ Словени од соседни племиња (Nicephori, p. 148, $_{2}$, Theoph., p. 433, $_{3-6}$**),** во полн контраст од употребата на „целата своја војска од Бугари и Словени што му била потчинета“ на Тервел во 705 г. (Theoph., 374, $_{6-8}$).

засилување на државата, и по специјално зајакнување на одбраната по критичната границата на Хемус, која уште од 681 г. им била доверена на Словените. Населување на нови словенски маси во Бугарија на местото на избеганите според тоа се јавувало неизбежна неопходност и единствена опција.[34] Во таков контекст станува разбирливо и тоа што не била избрана за преселување популација во непосредна близина со Бугарија – преселбите секој пат се извршувале од поголемо растојание со цел отежнување враќањето во родниот крај и поставување преселниците во силна зависност од државата. Ако овој редослед на мисли е правилен тогаш логично следи дека цел на походот не можеле да бидат Словени кои се во пријателски односи со Византија, зашто истите не би можеле да бидат сигурни сојузници против неа. А тоа не доведува до следното прашање: какви биле мотивите на Константин да го спречи походот на Бугарите веднаш после потпишувањето на мирот со нив.

Најлесното решение е дека Берзитија била зависна или сојузна на империјата и императорот истапил во нејзина заштита.[35] Во таков случај толкувањето би било дека Бугарите – знаејќи дека мирот со нив е временен зеле мерки не само да се подготват за следен напад, туку овој пати и самите да го изненадат неверниот Константин напаѓајќи го во време кога тој не би можел да возврати, притоа напаѓајќи релативно слаба позиција како една зависна склавинија, нанесувајќи удар врз неговиот авторитет меѓу склавиниите на Балканот и испраќајќи јасна порака: Византија не може да ве заштити. Така не само внатрешно политичките, но и надворешно политичките ползи за канството би биле очигледни: засилување на неговиот авторитет и привлекување на потенцијални сојузници меѓу склавиниите во борбата против Византија. Обидот за изнесување на конфликтот на непријателски терен секако претставува најдобрата стратегија.

Меѓу последното толкување и претходното има очигледна противречност: можеле ли Бугарите во војната со Византија да се потпрат на насилно преселени од нивниот крај византиски сојузници?

Мислењето дека Берзитија била потчинета на Византија не се потпира на изворно тврдење, туку претставува само едно можно толкување. Ниту Теофан го тврди тоа, а ниту

---

[34] Дека Бугарите сакале да го зголемат своето население проретчено од постојаните војни со Византија мислат и Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, 41, М. Рајковќ, ВИИНЈ 1, с. 233, бел. бел. 58, Генадий Литаврин, Формирование и развитие болгарского раннефеодального государства (конец VII – начало XI в.), в Ранне феодальные государства на Балканах VI – XII вв., Москва, 1985, 154, види и Свод 2, 231, б. 403

[35] Оваа теза се прифаќа од Литаврин, Склавинии VII – IX вв. Социално – политические организации Славян, во Этногеенз народов Балкан и северного причерномория, Москва 1984, 200; Аџиевски, Пелагонија, 29, 30, Бошко Бабиќ, Денешните територии на Р Македонија и Р Албанија во VII и VIII век, во Цивилизации на почвата на Македонија, кн. 2, МАНУ, Скопје, 1995, 162, 163; Живковић, Јужни Словени, с. 378 бел. 672, Подруга верзија предвидува пријателски и добри односи меѓу Берзитите и империјата: Treadgold, A History of Byzantine State and Society 366, Dvornik, Les Slaves, p. 14. Последниот го аргументирал своето мислење преку argumentum ex silencio – немање вести за непријателства меѓу Берзитите и Византија, што имајќи во предвид исклучителната ограниченост на информацијата со која располагаме, малото внимание што се обраќа кај Теофан и Никифор на одделните склавинии, кои обично се спомнуваат воопштено („склавиниите“) не е убедлив. Меѓутоа има и мислења дека Берзитие биле во тој момент независни од Византија: Иванова О. В., Формы политической организации славянского общества в центральной и южной частьи балканского полуострова в VII – VIII вв., Этносоциалная и политическая структура раннефеодальних славянских государств и народностей, Москва, 1987, 63

имаме информација која би сугерирала нејзино претходно потчинување. Походот во 758 г. зборува само за ограбување и земање заробеници (ᾐχμαλώτευσε) од „македонските склавинии“ и е доста јасен дека не тие, туку „другите / останатите“ биле поставени под данок, т.е. потчинети.[36] Нешто повеќе  имаме индиректно сведоштво дека Берзитија не би требало да била потчинета од Византија во овој поход. Една вест на патријархот Никифор ни покажува дека походот на Константин против „македонските склавинии“ во 758 г. не ги засегнал Словените во долниот тек на Стримон и покрај Орфанскиот залив.[37] Имено во 658 г. Константин испратил кај словенските архонти пратеници за да ги откупи од поодамна заробените од нив христијани од островите Имброс, Тенедос и Самотраки.[38] Според посочените острови и се што ни е познато тоа требало да се специјализираните во пиратерија Словени од Орфанскиот залив и долниот тек на Стримон. Тоа што тие држат христијани како робови, а императорот наместо да им заповеда да ги ослободат треба да ги откупува од нив е јасен знак за нивната полна независност од империјата.[39] Нешто повеќе тие биле заробени во дамнешни времиња според Никифор, а тоа значи дека во 758 г. секако веќе биле робови, што пак од своја страна покажува дека походот од 758 г. или не ги засегнал овие склавинии или не успеал да ги потчини и соодветно да ги ослободи робовите христијани. Уште помалку возможно е походот да ги засегнал териториите на склавиниите западно од Стримон и подалеку во централниот Балкан каде некаде се наоѓала сеуште сигурно нелоцираната Берзитија.[40] Т.е. ако Берзитија по некој начин ја признала својата зависност од Византија тоа не би требало да е како последица од воениот поход од 758 г., а за други походи не знаеме ништо.

Нека се обидеме да го изјасниме овој проблем преку разгледување на две поврзани прашања: кој го нарушил мирот во октомври 773 г. и каков бил мотивот на Константин за неговата реакција според изворот.

Теофан никаде не кажува дека Константин оди да ги заштити Берзитите, ниту дека тие се јавуваат на некој начин зависни или пријателски на Ромеите. Тој само констатира дека походот на Константин бил „против Бугарите“.[41] Берзитија не се јавува на некој начин ангажирана со својата одбрана, туку е само пасивен и страничен објект во византиско-бугарскиот конфликт.

Далеку поважно е прашањето за нарушувањето на мирот. Изгледа во науката доминира мислењето дека имено Бугарите го нарушиле него. Тоа е неизбежно поврзано со убедувањето дека Берзитија била потчинета на некој начин на Византија.[42] Но зошто Бугарите, кои биле во неповолна позиција спрема Византија би брзале да го нарушат што

---

[36] Theoph., 430, $_{21, 22}$

[37] Theophanes, p. 430, $_{21-2}$: Anastasii Bibliotecari, p. 282, $_{20-21}$.

[38] Niceph., 76, $_{22-27}$

[39] Тибор Живковић, Јужни Словени под византиском влашћу 600 – 1025, Београд 2007, 161

[40] За различните мислења за местото на Берзитија види кај ВИИНЈ, I, 189, 190, b. 7 и Живковић, Јужни Словени, 141, 161 и бел. 552

[41] Theoph., p. 447, $_{14}$; Anastasii Bibliotecari, p. 296, $_{4-5}$, :"contra Vulgares moveretur".

[42] Овде се разбира се сите веќе цитирани автори кои сметаат дека Берзитија била зависна до Византија. Виду уште и: Shepard, Slavs and Bulgars, 232 „Bulgar army that had breached the newly made written agreements“. Сепак не сите историчари се на тоа мислење. Runciman, A history of the First Bulgarian Empire, 41 која смета дека овие настани се случиле з авреме на водените преговори е на мислење дека „блгородната војна“ на Константин „no doubt accelerated the peace“.

туку потпишаниот на нивна молба мир?[43] Теофан меѓутоа не ги обвинува Бугарите дека планираат да го нарушат, а ниту дека го нарушуваат мирот со империјата со својот поход. Константин е претставен како човек кој ги лаже бугарските пратеници во Константинопол, а не тие – него, како што би требало, ако Бугарите го потпишувале мирот со подмолни намери. Накрај и решавачко е тоа што непосредно после поразот што им го нанел на Бугарите, Теофан констатира дека имено „василевост го имал нарушено мирот со Бугарите“.[44]

Од ова неизбежно следи дека Берзитија не била зависна, сојузна или пријателска склавинија и мотивот на Константин не бил да ја заштити.[45]

Каков тогаш можел да биде мотивот на Константин да интервенира во овој случај? Според се што ни раскажува Теофан за односот на Константин спрема Бугарите тој и немал потреба од причина за да го наруши мирот со нив.[46] Императорот кој фрлил многу сили да ја ослаби Бугарија не можел да дозволи таа да ја обнови својата сила преку населување на нови словенски маси на своја територија.[47] Како што ни соопштува Теофан после првиот поход против Бугарите императорот ги оставил воените одреди по тврдините, а не ги распуштил и имено тоа реално му дало возможност за исклучително брзата мобилизација и реакција на походот на Телериг. Тоа заедно со походот во следната воена сезона зборува дека Константин и не планирал да се држи до овој мир,[48] туку поверојатна сакал воената кампања да се одвива во по погодно време – во пролета а не есента. Така посочената противречност ја снемува – Бугарите не сакале да го нарушат договорот, кој за нив бил важен за разлика од Византија и пробувале да ја обноват својата земја со преселување на Словени кои не биле во врска со Византија. Константин истото не можел да го дозволи не затоа што им должел нешто на Берзитите, а затоа што тоа би ги поткопало неговите успеси, но и планови против Бугарија.

Друг проблем кој се појавува во врска со информациите на Теофан за походот е тврдењето за големиот плен и бројните заробеници земени во него, како и тоа што Константин по враќањето организирал триумф во Константинопол и дури ѝ дал име на

---

[43] Карактерно е што во деценијата пред походот против Берзитија секој нов бугарски владетел (дури и таков како паган кој дошол на власт преку побуна против обидот на неговиот претходник да заклучи мир со Византија) веднаш по стапувањето на престолот испраќал пратеници во Константинопол со молба за мир (Theoph., p. 433,$_{17-22}$, 436, $_{9-14}$; спореди ГИБИ 3, 271, 272). Во овој период мир бил заклучуван три пати секогаш на иницијатива на Бугарите и нарушуван секогаш од Ромеите.

[44] Theoph., 447, $_{29, 30}$; Anastasii Bibliotecari, p. 296, $_{18-19}$: "... Constantinus solvens Vulgarum pacem ...".

[45] Треба да се направи ралзика меѓу евентуалните резултати од византиската интервенција (спречување обид да се зајакне Бугарија, поразување бугарска војска, избегната голема опасност за Берзитите) и мотивите на императорот, кои не морале да ги имаат сите можни последици како своја цел и мотив. Освен тоа ние не знаеме што се случило со Берзитија по време на походот – сосема можно е таа на еден или друг начин токму сега да била потчинета.

[46] Добра паралеа претставува мирот со канот Паган десет години порано, кој бл заклучен заклчен од Константин саму „навидум“ и веднаш потоа нарушен од василевсот со фаќањето ан кнезот Славун и навлегувањето на византиската војска низ незашттените поради мирот старопланински клисури (Theoph., p. 436,$_{14-24}$).

[47] Shepard, Slavs and Bulgars, 232, 233 „he kept the cavalry from the themes in the forts of Thrace, and seems to have looked for a pretext to attack again“.

[48] Treadgold, A History of Byzantine State and Society, 366, Божилов – Гюзелев, История на средновековна България, 118

војната, работи кои далеку го надминуваат она што го соопштува Теофан како реално постигнато: спречување на еден и тоа не толку голем[49] бугарски поход. Дали причината за давање на толку голема и неверојтна бројка на византиската војска (80 000) наспроти посочените за бугарската 12 000 немало за цел да го иронизира василевсот и да го намали неговиот придонес во оваа неизбежна според соодносот на бројките победа? Но големиот број заробени и големиот плен во текстот сугерираат дека навистина бил постигнат сериозен резултат. Само уште еднаш во своето владеење Константин организирал триумф – после големата победа над Телец, кога бугарската војска била неколку пати поголема, а битката траела цел ден. Можеби тогаш оваа ненормално голема војска (иако 80 000 да е претерување[50] тоа сепак покажува дека е во прашање многу голем воен поход) која требало да спречи бугарска војска од само 12 000 потскажува дека целите на походот биле поамбициозни? Големиот, плен и мноштвото заробеници заедно со организираниот триумф исто сугерираат дека походот можеби постигнал и други поопипливи резултати освен обраќањето во бегство на бугарската војска? Минимизирањето на успесите на Константин заедно со нивното иронизирање е редовна практика кај Теофан, така што овде може и да има нешто премолчено. Дали биле постигнати други резултати и какви би можеле да се тие не знаеме - можеби сепак имено тогаш била потчинета Берзитија и е поставен почетокот на обнова на византиската власт во Централниот Балкан?[51] Свртувањето на бугарското внимание на југозапад, почеток на кое претставува имено овој обид да се нападнат Берзитите, не можело да не предизвика византиски одговор. Централниот Балкан во византиско-бугарскиот двобој што самиот Константин Копроним го предизвикал, претставувал важен во воена, популациска и економска смисла резервоар особено за инфериорното канство. Да се спречат бугарските стремежи истиот да се искористи претставувало логичен чекор. Дали тој започнал да се прави имено сега или малку подоцна меѓутоа е прашање на кое не може засега да се одговори.

---

[49] Ако споредиме да влечеме со битката во 763 г. кога само изнајмените соседни Словени во војската на Телец биле според Никифор 20 000, овие вкупно 12 000 изгледаат релативно скромно.

[50] Види Warren Treadgold, The Byzantine revival (780 – 842), Stanford, California, 1988, 18 с. 18 – во тоа време максималната војска што Византија можела да испрати во поход била околу 20 000.

[51] Само три децении подоцна градот Сердика го наоѓаме во истиот извор обновен и добро утврден (Theoph., 484, 485)